**20120290866**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 58 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија” бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11 и 135/11), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија” бр.40/01, 72/01, 89/01, 50/02, 86/02, 19/03, 54/03, 6/04, 6/05, 44/06, 137/06, 25/08, 54/08, 125/08, 53/09, 94/09, 122/09, 46/10, 85/10 и 156/10), во член 26 став (1) зборовите „Управата за јавни приходи“ се заменуваат со зборовите „Царинската управа“.

Член 2

Во член 34 став (4) во алинеја 1 зборовите „левата и“ се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

„На контролните марки треба да се обезбеди посебен режим на заштита и сигурност.“

Ставот (6) се менува гласи:

„Овластени лица на Царинската управа во секое време може да присуствуваат при печатењето на контролните марки.“

По ставот (20) се додава нов став (21) кој гласи:

„(21) Изгледот на контролните марки, согласно овој правилник, се објавува на интернет страната на Царинската управа без да се наруши безбедноста и доверливоста на нивните заштитни елементи. “

Член 3

Во член 35 став (3) зборовите „Управата за јавни приходи“ се заменуваат со зборовите „Царинската управа“.

Член 4

Во член 39 ставот (1) се менува и гласи:

„Контролните марки се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма со димензија 44мм х 20мм.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„На контролните марки треба да се обезбеди посебен режим на заштита и сигурност.“

Ставот (6) се менува гласи:

„Овластени лица на Царинската управа во секое време може да присуствуваат при печатењето на контролните марки.“

Ставот (18) се менува и гласи:

„Контролните марки од став (1) на овој член се лепат на секоја поединечна кутија за пакување на (соодветен број) цигари, или (соодветен број) пури или цигарилоси, или (содветно количество) грамови на тутун за пушење.“

По ставот (20) се додава нов став (21) кој гласи:

„(21) Изгледот на контролните марки, согласно овој правилник, се објавува на интернет страната на Царинската управа без да се наруши безбедноста и доверливоста на нивните заштитни елементи. “

Член 5

Обрасците на контролните марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и за обележување на тутунски добра се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 6

Обрасците "П-ТД", и "Б-ТД" се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 7

Одредбите на член 2 став 4, член 4 ставови 1, 4 и 5, член 5 и член 6 на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат од 1-ви ноември 2012 година.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-7861/1
23 февруари 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## Б-ТД

ЕДБ на подносителот

Подносител на пријавата

Архивски број

Датум на поднесување

Место на поднесување

☐ Производител

☐ Увозник

# БАРАЊЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА КОНТРОЛНИ МАРКИ

## за обележување на тутунски добра

за _______ (месец,тримесечје и година)

| Реден број | Вид на тутунско добро | Бр. на парчиња на цигари, пури, цигарилоси или гр. на тутун за пушење, тутун за лулење во едно пакување | Малопродажна цена | Барана количина на контролни марки |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| | Вкупно | | | |

*Овластено лице и М.П.*

1/2

# Б-ТД

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

1.Во полето подносител на барањето се впишува називот (фирмата) што вообичаено се користи во секојдневното работење.
2.Во полето ЕДБ на подносителот се впишува Единствениот даночен број добиен од УЈП при регистрација на даночните обврзници.
3.Во полето архивски број се впишува архивскиот број заведен во книгата на подносителот.
4.Во полето датум се впишува датумот на поднесувањето на барањето.
5.Во прозорчето □ се става знакот **"x"** за означување дали тутунските добра се произведуваат во Република Македонија или се увезуваат.
6.Во колоната 2 се впишува називот на тутунското добро (пр. Малборо лајтс; Бенстон; Ронхил супер лајтс;...).
7.Во колоната 3 се впишува бројот на парчиња на цигари, пури, цигарилоси во едно пакување (пр.19 цг; 20 цгс; 5пу; ...).
8.Во колона 4 се впишува малопродажната цена на тутунските добра (пр. 45 ден; 120 ден; 80 ден; ...).
9.Во колона 5 се впишува количината на бараните контролни марки за тутунското добро и тој број треба да е делив со 50.000 (пр.50.000; 100.000; 150.000; 200.000;...)
10.Доколку на едно барање (1 лист) не може да се наведат сите тутунски добра, се користат два или повеќе листови.
11.Пополнетиот образец "Б -ТД" се доставува до - Царинска Управа ул. Лазар Личеноски 13, 1000 Скопје.

## П-ТД

ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА / ЦАРИНА - CUSTOMS

ЕДБ на подносителот

Подносител на пријавата

Архивски број

Датум на поднесување

Место на поднесување

Производител

Увозник

# ПРИЈАВА ЗА ПЛАНИРАНИТЕ КОЛИЧИНИ КОНТРОЛНИ МАРКИ за обележување на тутунски добра

за _______ (месец,тримесечје и година)

| Реден број | Вид на тутунско добро | Бр. на парчиња на цигари, пури, цигарилоси или гр. на тутун за пушење, тутун за џвакање во едно пакување | Малопродажна цена | Пријавена количина на контролни марки |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| | Вкупно | | | |

*Овластено лице и М.П.*

1/2

# П-ТД

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

1.Во полето подносител на барањето се впишува називот (фирмата) што вообичаено се користи во секојдневното работење.
2.Во полето ЕДБ на подносителот се впишува Единствениот даночен број добиен од УЈП при регистрација на даночните обврзници.
3.Во полето архивски број се впишува архивскиот број заведен во книгата на подносителот.
4.Во полето датум се впишува датумот на поднесувањето на барањето.
5.Во прозорчето ☐ се става знакот **"x"** за означување дали тутунските добра се произведуваат во Република Македонија или се увезуваат.
6.Во колоната 2 се впишува називот на тутунското добро (пр. Малборо лајтс; Бенстон; Ронхил супер лајтс;...).
7.Во колоната 3 се впишува бројот на парчиња на цигари, пури, цигарилоси во едно пакување (пр.19 цг; 20 цгс; 5пу; ...).
8.Во колона 4 се впишува малопродажната цена на тутунските добра (пр. 45 ден; 120 ден; 80 ден; ...).
9.Во колона 5 се впишува количината на бараните контролни марки за тутунското добро и тој број треба да е делив со 50.000 (пр.50.000; 100.000; 150.000; 200.000;...)
10.Доколку на една пријава (1 лист) не може да се наведат сите тутунски добра, се користат два или повеќе листови.
11.Пополнетиот образец "П -ТД" се доставува до - Царинска Управа ул. Лазар Личеноски 13, 1000 Скопје.

# Контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол

### Тип 1 (димензија 20мм x 130мм)




### Тип 2 (димензија 15мм x 80мм)




### Тип 3 (димензија 15мм x 60мм)



# Контролна марка за обележување на тутунски добра
(димензија 44мм x 20мм)

